Врз основа на член 140 и 141 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија” бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24), а во врска со Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи донесена од Влада на РСМ за 2023 - 2026 година („Службен весник на РМ“ бр.163/23), Програмата за изменување и дополнување на Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи донесена од Влада на РСМ за 2023 - 2026 година („Службен весник на РМ“ бр.254/23), Програмата за изменување и дополнување на Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи донесена од Влада на РСМ за 2023 - 2026 година („Службен весник на РМ“ бр.28/25) и Програмата за изменување на Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи донесена од Влада на РСМ за 2023 - 2026 година („Службен весник на РМ“ бр.157/25), како и член 2, 3, 4 и 5 од Правилникот за специјализации и супспецијализации на здравствените работници со високо образование од областа на медицината („Службен весник на Република Македонија” бр. 120/20, 144/21) и Правилникот за специјализации на здравствени работници од област на стоматологија и фармација („Службен весник на РМ“ бр.275/21), Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, на 12.12.2025 година, објавува

**Јавен оглас**
**за пријавување на кандидати за запишување/одобрување на специјализација и супспецијализација на здравствени работници со високо образование од областа на медицината и фармацијата за 2025 година**

| Област на специјализација | ЈЗУ | Број на специјализации |
|---|---|---|
| Анестезиологија со интензивна медицина | Клиничка болница Штип | 3 |
| | Општа болница Куманово | 2 |
| Гинекологија и акушерство | Клиничка болница Штип | 1 |
| | Клиничка болница Тетово | 1 |
| | Општа болница Велес | 1 |
| Дерматовенерологија | Клиничка болница Штип | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| Епидемиологија | Институт за јавно здравје Скопје | 1 |
| Интерна медицина | ГОБ „8-ми Септември“ Скопје | 1 |
| | Клиничка болница Тетово | 1 |
| | ОБПД Прилеп | 2 |
| Кардиологија | Клиничка болница Тетово | 1 |
| | Општа болница Струмица | 1 |
| | Здравствен дом Крушево | 1 |
| Медицинска микробиологија со паразитологија | ЦЈЗ Битола | 1 |
| Неврологија | Општа болница Струмица | 1 |
| | Општа болница Гостивар | 1 |
| | Здравствен дом Скопје | 2 |
| | Здравствен дом Радовиш | 1 |
| Општа хирургија | ОБДП Кавадарци | 1 |
| Ортопедија | ГОБ „8-ми Септември“ Скопје | 1 |
| | Клиничка болница Тетово | 1 |
| | Општа болница Струмица | 1 |
| | Здравствен дом Ресен | 1 |
| | Клиничка болница Штип | 2 |
| | ОБПД Гевгелија | 1 |
| Офталмологија | Општа болница Куманово | 1 |
| | ГОБ „8-ми Септември“ Скопје | 1 |
| | ОБПД Прилеп | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| Педијатрија | Клиничка болница Штип | 1 |
| | Општа болница Охрид | 1 |
| Психијатрија | Здравствен дом Пробиштип | 1 |
| | Клиничка болница Штип | 1 |
| Пулмологија и алергологија | Здравствен дом Пробиштип | 1 |
| | Клиничка болница Штип | 2 |
| Радиологија | УК за радиологија Скопје | 1 |
| | Клиничка болница Штип | 3 |
| | ОБПД Кочани | 1 |
| | Општа болница Струга | 1 |
| Уролошка хирургија | Клиничка болница Штип | 1 |
| | ОБПД Прилеп | 1 |
| | Општа болница Струмица | 2 |
| Фармацевтска технологија | Здравствен дом Струмица | 1 |

Барањето за одобрување на специјализациите / суспецијализациите заедно со комплетната документација се поднесува од страна на Јавната здравствена установа каде што е вработен здравствениот работник односно здравствениот соработник, најдоцна во рок од 30 дена од денот на објавување на Огласот во јавните гласила и веб-страницата на Универзитетот.

Барањето за одобрување на специјализација со комплетната документација се доставува во согласност со одредбите од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија” бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 , 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24) и Правилникот за специјализации и суспецијализации на здравствените работници со високо образование од областа на медицината до Архивата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А, Ректорат, 2000 Штип, со назнака за „Оглас за специјализации за 2025 година“.

**Потребни документи за упис на специјализација за вработени здравствени работници во јавни здравствени установи**

1. Барање за одобрување на специјализација (може да се преземе од веб-страницата на Универзитетот);
2. Фотокопија од уверение со оценки за завршен факултет, заверена на нотар;
3. Фотокопија од диплома за завршен факултет, заверена на нотар (или потврда дека издавањето на дипломата е во тек);
4. Уверение за положен стручен испит (фотокопија заверена на нотар);
5. Важечка основна лиценца за работа од Лекарска комора, фотокопија заверена на нотар  (или потврда дека издавањето е во тек);
6. Одлука од Управен одбор за упатување на специјализација;
7. Бодовна листа за селекција на кандидатите вработени во јавната здравствена установа.